Универзитет Американ Колеџ Скопје
Алумни Асоцијација

# 15 години постоење

## Универзитет Американ Колеџ Скопје
## Посветени на вашето знаење

**Содржина**:


- Вовед од уредникот
- УАКС новости
- Избор на нови членови на Алумни Одбор
- „15 години култура на извонредност“, интервју со проф. д-р Марјан Бојаџиев
- УАКС настани – 15 години јубилеј
- Успешни алумни приказни, интервју со Зоран Дранговски
- Алумни активности

## ВОВЕД ОД УРЕДНИКОТ

*Драги УАКС алумни,*

*Дозволете ни да го изразиме нашето задоволство што почнуваме нов период во Алумни активностите и што развиваме нова платформа за комуникација, интеракција и унапредување на соработката, во рамки на новата Алумни Асоцијација.*

*Можностите, плановите и амбициите на Алумни Асоцијацијата се многубројни. Од име на УАКС, би сакале да истакнам колку ни значи тоа што вие, како наши студенти, сте подготвени да ја продолжите комуникацијата и соработката и по вашето завршување на студиите. Ние се гордееме со секој ваш успех, со секое ваше унапредување, и сме секогаш тука да понудиме помош, соработка и поддршка во вашите професионални планови и амбиции.*

*Меѓу другите активности, Алумни Асоцијацијата почнува со квартално објавување е-билтен, во кој ќе ги издвојуваме нашите најзначајни успеси во текот на изминатиот период и ќе ги најавуваме идните активности. Се надеваме дека ќе успееме да го привлечеме вашето внимание и ќе најдете начин како да ја инкорпорирате Асоцијацијата во вашето професионално работење. Доколку сакате да бидете претставени во нашиот е-билтен, слободно контактирајте нè.*

*Ова издание на е-билтенот е посветено на големиот јубилеј на УАКС – 15 години постоење. По тој повод, Универзитетот, а и Алумни Асоцијацијата, организираа бројни активности, настани и промоции, кои ќе ви ги претставиме на следните страници.*

*Со следни новости очекувајте на за 3 месеци, а во меѓувреме, ви стоиме на располагање. За секакви прашања, информации и соработка, контактирајте нè на sandra.grujevska@uacs.edu.mk.*

*Со почит,*

*Александра*
*aleksandra.klincarova@uacs.edu.mk*

*Сандра*
*sandra.grujevska@uacs.edu.mk.*

## УАКС НОВОСТИ

**Симулација на изборите во САД**
По повод претседателските избори во САД, Факултетот за политички науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје традиционално, по четврти пат, организираше специјален настан и симулација на гласање Повеќе

**CMA Scholarships**
УАКС ги известува своите студенти на магистерски студии дека се достапни CMA стипенди. Ако сте студент на постдипломски студии на СБЕМ, може да освоите CMA (Certified Management Accountant) стипендија! Повеќе

**Нов претседател на УСС**
На 13 октомври, 2020 година се организираа избори за избор на претседател на Универзитетското студентско собрание. Гласањето се спроведе онлајн преку google forms на англиски јазик. Според исходот од избројаните гласови, за претседател се избира Јоана Стојановска, студентка на ФДЕИОН. Повеќе

**15 години УАКС**
По повод јубилејот 15 години постоење на УАКС, во Градскиот парк беше организиран семеен и алумни ден (Повеќе), додека пак во МСУ беше организирана и официјална прослава за деловната заедница. Повеќе

**Хуманитарни иницијативи**
Во рамки на јубилејот 15 години постоење на УАКС, на Универзитетот беа организирани серија хуманитарни иницијативи и донации во соработка со нашите алумнисти. Повеќе

**Правна клиника "Американ Колеџ"**
Правната клиника ќе обезбедува примарна бесплатна правна помош и ќе биде едукативна алатка за реализација на практична настава на студентите, кои на овој начин се оспособуваат за работа во правната струка. Повеќе

**Бесплатни обуки за започнување сопствен бизнис (АППРСМ)**
Во организација на РСМ и Entrepreneurship and Leadership Development Institute, дел од УАКС, се одржаа бесплатни обуки за почнување сопствен бизнис од страна на реномираните обучувачи од приватниот сектор. Повеќе

**Конкурс за целосни стипендии на УАКС**
Како дел од Програмата за поттикнување на вработување и развој на млади таленти, Цементарница УСЈЕ доделува целосни стипендии за постдипломски студии на ФДЕИОН. Повеќе

**Проф. Марјан Петрески, стипендист за академска настава на CERGE-EI**
Нашиот професор Марјан Петрески стана Стипендист за академска настава на CERGE-EI во Чешка. Стипендијата подразбира екипирање со наставни вештини во областа на економијата за пренесување најсовремени знаења врз студентите. Повеќе

**„Климатски промени: предизвици и градење издржливост"**
На 21 мај 2020 г. се одржа 15-та Меѓународна академска конференција за европски интеграции „КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ: ПРЕДИЗВИЦИ И ГРАДЕЊЕ ИЗДРЖЛИВОСТ" на Универзитет Американ Колеџ Скопје. Повеќе

**Истражување за Лидерство и вредности на националната култура**
РСМ е единствената земја во Европа која ја нема на мапата на студиите за национална култура базирани на моделот на Геерт Хофштеде. Тимот на УАКС беше номиниран за овластен истражувач од страна на Центарот за Културни Студии, со цел да се придонесе за меѓународната видливост на државата. Повеќе

**Истражување за коронавирусот во соработка со Универзитетот Констанц, Германија**
Универзитет Американ Колеџ Скопје во соработка со Универзитетот Констанц, Германија спроведува истражување за коронавирусот. Учеството во оваа студија е доброволно. Заинтересирани сме да откриеме какви се Вашите чувства и однесувања во врска со коронавирусот и останатите болести. Повеќе

**Digital executive education**
Во мај 2020г., УАКС организираше серија вебинари со цел да придонесе во јавниот дијалог со мислења, совети и поддршка при надминување на кризата и промена на општественото опкружување. Во оваа серија учество ќе земат повеќе професори и соработници на УАКС, чие искуство и експертиза им овозможува уникатен поглед на нештата, посебно во услови на криза и кризен менаџмент. Повеќе

**Совети за ментално здравје во време на коронавирус**
Во текот на кризата предизвикана од коронавирусот, доц. д-р Димитринка Јорданова Пешевска од Катедрата за психологија при УАКС подготви 7 совети за менталното здравје и полесно справување во време на коронавирус. Повеќе

## ИЗБОР НА НОВИ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОР НА АЛУМНИ АСОЦИЈАЦИЈА

Со цел развивање на соработката со сите членови на УАКС семејството, на 24 септември 2020 г. беше одржано Собрание на новооформената Алумни Асоцијација на УАКС.

На состанокот, кој се одржа хибридно, односно и во просториите на УАКС, но и онлајн, беа избрани новите членови на Одборот, како и новиот Претседател на Асоцијацијата. Им честитаме на:

Мила Крекиќ, Претседател
Ваљон Салиху, Потпретседател
Берат Дехари, Treasurer & Membership Director
Зоран Дранговски, Member-at-Large of the Board
Весна Стојанова Трајковска, Webmaster/Technology Chair
Ива Алексиќ, Events Chair & Digital Marketing
Иван Зографски, Consultant & Social Impact Chair
Рилинд Јегени, Communications Committee Chair
Кристијан Јаарсма, Undergraduate SBEM Chair
Илијана Бојаџиева, International (Tor Vergata) Alumni Chair
Сандра Г. Грујевска, UACS Executive Member

За сите информации и соработки, обратете им се на Вашите колеги и колешки, кои Ви стојат на располагање за какви било идеи и проекти.

## ИНТЕРВЈУ

Проф. д-р Марјан Бојаџиев, Провост

# 15 години култура на извонредност

15 јубилеј на Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Професоре, честитки за јубилејот. 15 години постоење е навистина значајно постигнување за една образовна институција. Раскажете ни ги почетоците на Универзитет Американ Колеџ Скопје.**

Идејата за оваа приказна почна многу одамна, во 1981 година, кога Скопје беше меѓународен универзитетски центар. Таа мисла нè водеше и во 2005 г. – идејата од Скопје да направиме меѓународен универзитетски центар и желбата од Скопје да направиме мост меѓу народите. Очекувавме Македонија да влезе во НАТО во 2008 г., а во Европската унија во 2012 г. Со тоа, сметавме дека Скопје ќе биде атрактивна дестинација. Во мај 2005 г. поднесовме Барање до Одборот за акредитација, а со настава почнавме на 5 октомври истата година.

**Како се градеше Универзитетот и како се развиваа Факултетите на УАКС? На кој начин успеавте да ги привлечете студентите тие први години?**

УАКС почна како Факултет за Деловна економија и организациони науки, а веќе следната 2006 г. стана Универзитет ѕо шест факултети.
Како успевавме да привлечеме студенти? Веројатно со искрена, чесна и напорна работа. Нашата мисија беше и остана да го комбинираме најдоброто од Европскиот и Американскиот образовен систем. Наша мисија беше и остана да обезбедиме врвно образование по пристапна цена. И во тоа успеавме од почетокот. Структурата на нашиот наставен кадар е од почетокот иста: 1/3 вработени професори, но сите со значајно професионално искуство, 1/3 професори од праксата, кои се врвни стручњаци и на крајот, последниот сегмент се визитинг професори од странство. Мислам дека тој квалитет, таа интелектуална свежина во Македонија може да се најде единствено на УАКС.

**Предизвиците се дел од секој успех. Кои беа Вашите предизвици? Со што моравте да се соочите и како ги надминавте?**

Најголем предизвик денес е секако Коронавирус кризата. Мислам дека и во оваа ситуација покажавме колку е УАКС голем. Во март 2020 г. за краток период се престроивме и овозможивме онлајн настава со користење на најсовремени

платформи. Оваа школска година ја почнавме со уште подобра опрема која овозможува хибридна настава со која дел од студентите се во предавална, а дел во своите домови. Синхроната хибридна настава се покажа како одличен метод.

**На што сте најмногу горди? Кои се најголемите постигнувања на Универзитет Американ Колеџ Скопје?**

Американ колеџ е горд на меѓународните акредитации: Американската акредитацијата ја стекнавме во 2010 г. Потоа следеше ACCA акредитацијата за сметководство и ревизија во 2017 г. Истата година потпишавме договор за двојна диплома со Универзитетот Тор Вергата од Рим, рангиран во Топ 50 помлади од 50 години универзитети во светот. Но, она што нѐ прави посебно горди се успесите на нашите поранешни студенти – денес тие се веќе раководители во фирми, архитекти и дизајнери, нотари, дипломати, инженери, програмери  и професори. И тоа не само во државата, наши поранешни студенти се денес распослани од Јужна Африка до Балтикот и Америка.

**Како го гледате УАКС во иднина? Како мислите дека ќе се развива образованието со оглед на светските промени и предизвици?**

Постои една цел која не успеавме да ја достигнеме до сега – УАКС да стане меѓународен универзитетски центар. Сите напори во иднината ќе ги насочиме кон целосна интернационализација и обиди да привлечеме што повеќе меѓународни студенти на нашиот универзитет.
Што се однесува до образованието и науката генерално сите се сочуваме со нови предизвици поврзани со пандемијата. Најголем дел од универзитетите во светот се префрлија на онлајн настава. Можностите за директен контакт, за настава во предавална, за истражување на терен се апсолутно лимитирани. Но, сепак наоѓаме начин да функционираме. Наоѓаме начин да ја спроведуваме нашата мисија – да предаваме знаење! Или како што вели нашето мото, Ad destinatum peresequor! - До целта ќе истраеме!

## НАСТАНИ И ПРОМОЦИИ

### Хуманитарни иницијативи во рамки на јубилејот 15 години УАКС

*„Не е секој од нас создаден да прави големи работи. Но затоа, сите ние можеме да правиме повеќе мали работи со многу љубов.“*

– Мајка Тереза

Токму љубовта и посветеноста се нештата што го водат Универзитет Американ Колеџ Скопје. Желбата да се помогне некому, да се биде дел од нечиј живот, да се разубави секојдневието и да се создаде насмевка на нечие лице. Семејството на УАКС е посветено на негување високо ниво на хуманост и социјална ангажираност во рамки на нашата образовна мисија, затоа што знаеме дека вистинското знаење секогаш се заснова на љубов и хуманост. Ова е само дел од хуманитарните иницијативи на УАКС, организирани во соработка со нашите алумнисти и реализирани во рамки на јубилејот 15 години УАКС:

- Донација на лектири прилагодени за ученици со дислексија, во основното училиште „Александар Македонски“ од Скопје
- Обновување на училишниот мебел во основното училиште „Аврам Писевски“ во Бардовци со донација на 30 клупи за ученици.
- Донација на храна и опрема за кучиња за непрофитната организација за заштита на животни Fetch a home
- Донација на храна за социјално ранливи категории во соработка со здружението Вистински дела на љубезност
- Донација на храна за социјално ранливи категории во соработка со здружението Вистински дела на љубезностДонација на вода и храна за социјално ранливи категории во соработка со Црвен
  Крст на РСМ
- Донација на компјутерска опрема за учениците во основното училиште „Лазо Трповски“ од Скопје
- Акција за рециклирање пластични капачиња од студентите и вработените на УАКС во соработка со „Пакомак“

Благодарност до:

Марија Калешов, директор на ООУ „Александар Македонски“, Скопје
Стефан Богоев, градоначалник на Општина Карпош, Скопје
Тони Станковски, Вистински дела на љубезност
Филип Ивановски, Генерален директор на Пакомак, Скопје
Соња Јовановска, директор на ООУ „Лазо Трповски“, Скопје
Матилда Бајкова, директор на ООУ „Аврам Писевски“, Скопје
Сузана Тунева Пауновска, Црвен Крст на Град Скопје
Тимот на Fetch a home

## НАСТАНИ И ПРОМОЦИИ

### Роденденска прослава на УАКС во Градски Парк, Скопје

На 4 октомври 2020 г. Универзитетот Американ Колеџ Скопје го прослави својот 15ти роденден со голема роденденска забава во Градскиот Парк во Скопје. Ни беше задоволство да се видиме со сите членови на нашето големо семејство и да им се заблагодариме што се дел од УАКС во текот на минатите 15 години.
Среќен роденден, УАКС!

**(фотографии)**

## НАСТАНИ И ПРОМОЦИИ

### Официјална прослава на јубилејот на УАКС во МСУ, Скопје

На 5 октомври 2020 г., Универзитетот Американ Колеџ Скопје беше домаќин на официјалната прослава по повот јубилејот 15 години постоење. Ни беше чест што настанот го посети Претседателот на Република Северна Македонија, г. Стево Пендаровски, претставници на Владата на Република Северна Македонија, како и претставници на дипломатските тела во земјата.

**(фотографии)**

## НАСТАНИ И ПРОМОЦИИ

### UACS Graduation Ceremony

На 8 октомври 2020 г., Универзитетот Американ Колеџ Скопје одржа свечено доделување на дипломите на своите дипломци, магистри и доктори на науки. Настанот се одржа во Александар Палас, Скопје, и беше организиран според сите протоколи за безбедност и заштита. На присутните им се обратија Ректорот на УАКС, проф. д-р Томе Неновски, како и Деканите на УАКС. Како гостин-претставник на алумни заедницата, на студентите им се обрати и г. Рилинд Јегени, кој им честиташе и им посака да продолжат на патот на успехот.

**(фотографии)**

## УСПЕШНИ АЛУМНИ ПРИКАЗНИ

УАКС Алумни заедница

# Кризата, искуство кое го збогатува искуството

Зоран Дранговски, претседател на МЗМП

**Како претседател на Македонското здружение на млади правници (МЗМП), може ли да ни објасните кои се Вашите активности и проекти?**

МЗМП е професионална организација на правници кои работат на обезбедување бесплатна правна помош, со цел заштита на човековите права и владеење на правото. Нашата организација е активно вклучена во градење на капацитетите на институциите во процесот на реформи, поттикнуваме промени во јавните политики таму каде што е потребно, и редовно ја следиме примената на законодавството. Присутни сме во 5 канцеларии, од каде ги спроведуваме програмските активности. Целиот фокус на нашата организација во моментов е насочен кон помош и поддршка на лицата со кои работи МЗМП, со цел да успеат безбедно да ја поминат оваа криза и да не се доведат во ситуација да бидат во понеповолна положба од тоа што било пред кризата.
Работиме со повеќе специфични категории на лица. Тука би ги споменал барателите на азил, бегалците и мигрантите, за кои подготвивме соодветни информации околу вонредната состојба и мерките што се преземаат, и тоа на 10 различни јазици, и истите се достапни на нашата веб страна. Во Македонија постојат и луѓе кои не поседуваат никакви лични документи (во ризик од бездржавјанство) и се во особено ранлива состојба, а на кои МЗМП им обезбедува правна помош, и во овој период имаме интензивна комуникација со нив со цел да ги утврдиме нивните најитни потреби.
Многу важен во овој период е и сервисот за заштита на жртви на насилни кривични дела, каде работиме со деца, постари лица, лица со попреченост и жени. Вонредната состојба дополнително ја влошува состојбата во која се наоѓаат жртвите и постојано добиваме повици, за што сме во директна комуникација со надлежните институции. Со особено внимание ја следиме состојбата на лицата кои се наоѓаат во затворите и во установите за лишување од слобода, но и на лицата кои се сместени во државните карантини, за што изготвивме и информативна брошура во однос на правата и обврските за време на Covid – 19.

**Во каков контекст го затекна здравствената криза Здружението? Со какви проблеми и предизвици се соочивте?**

Нашата работа се состои од директна работа со луѓе, странки кои имаат правни постапки врзани со рокови, и многу беше важно да се информираат и да се обезбедат сите правни механизми за нивна заштита. Во овој контекст, многу навремени беа уредбите кои ги донесе Владата со цел нивна заштита.

Од самото прогласување на вонредната состојба, ние во целост ги почитуваме препораките на Владата. Работиме од дома, а во две од нашите канцеларии имаме воспоставено дежурства и се примаат само најитните случаи. Од особена важност беше тоа што МЗМП имаше воспоставено соодветна техничка инфраструктура и целокупната работа на организацијата, податоците и документите со кои работи, се на „cloud", што овозможи сите колеги да имаат непречен пристап до работата и од дома.
Морам да истакнам дека од самиот почеток на кризата, сите меѓународни организации, фондации и амбасади со кои работи МЗМП ни дадоа безрезервна поддршка за претстојниот период, и со тоа имаме флексибилност да ги прилагодиме активностите на новонастанатата ситуација. Во овие 17 години откако постои организацијата веќе имаме воспоставено силни врски на соработка и доверба со државните институции, но и со други организации и правни субјекти, и оваа непосредна комуникација ни помогна да продолжиме со редовните активности и во ваква состојба.

**Каква улога има МЗМП во криза и кои се вашите обврски и одговорности во вакви ситуации?**

За време на ситуации како моменталната, вонредна ситуација, првото прашање кое кај нас се поставува е како нашата организација може да помогне, и не само сега. За време на бегалската криза во 2015 година бевме меѓу првите организации на јужната граница каде што работевме заедно со полицијата на регистрација на лицата кои влегуваа на наша територија, а кога беа поплавите во 2016 година, заедно со општината направивме тимови од правници кои им помагаа на настраданите со правна помош. Така и во оваа ситуација, редовно ги информираме граѓаните за сите уредби кои се носат од страна на Владата и сите граѓани може да се обратат кај нас за какво било објаснување поврзано со истите. За еден месец се донесени повеќе од 120 нови уредби и дополнувања на веќе донесените, и доколку за сите тие уредби не се информира редовно на јазик разбирлив за граѓаните, може да се создаде голема правна несигурност кај сите.
Ова е период полн со предизвици и неизвесности, и сметам дека е од особена важност во следниот период да не се остава можност за правни празнини и недоречености во уредбите, и сите прашања кои се однесуваат на правата на граѓаните мора да бидат соодветно одговорени. Со целосно разбирање за итноста на дел од мерките, Владата мора да обезбеди формат во кој при одлучувањето ќе обезбеди комуникација и консултации со граѓаните, граѓанскиот сектор и професионалната фела. До овој момент, комуникацијата е еднонасочна и граѓаните дознаваат за обврските по стапување на сила на уредбите. Вонредната состојба е шок за правниот систем во државата, замислете – закони за кои во нормална процедура требало месеци, па и години да се донесат, сега тоа се прави во еден ден.

**Кои се вашите планови за следниот период?**

Овој период успеавме забрзано да реализираме некои од нашите планови. Пред две недели започнавме со онлајн обуки за нашите членови, за што, на наше задоволство, досега има огромен интерес. Веќе планираме контакти со истакнати правници од странство и доколку успееме да ги организираме нивните онлајн предавања за нашите колеги, ќе биде огромен успех за нас.
Сакаме да им понудиме на младите правници дополнителни можности и затоа објавивме повик за правнички текстови кои ќе бидат објавени во стручно списание, а избраните кандидати ќе добијат симболичен финансиски надомест. Целта на списанието е создавање професионален форум за објавување на стручни статии кој ќе послужи како медиум во кој правничкото мислење и визијата на младите правници во однос на клучни прашања поврзани со човековите права и владеење на правото ќе бидат артикулирани на кохерентен и методичен начин. Списанието ќе промовира дебата за тековните процеси во областа на правото, а воедно ќе поттикне идеи за понатамошно подобрување на нашиот правен систем на таков начин каде што ќе се обезбедат и гарантираат човековите права и владеењето на правото.
Како и сите други, се надеваме дека оваа ситуација ќе заврши што поскоро и ќе се вратиме повторно во редовниот начин на работа, но, истовремено забележуваме и дека оваа состојба поттикна еден друг вид на продуктивност, работиме и за викенд и навечер, споделуваме идеи и имаме по неколку состаноци на ден без да трошиме многу време на организација и договарање, така што со сигурност дел од позитивните работи што произлегоа во овој период ќе ги задржиме и во иднина.

**Како може човек да се подготви за вакви настани? Колку образованието може да биде од помош? Во таа смисла, кои знаења и вештини Вам Ви помогнаа во соочувањето со кризата?**

Јас имав среќа да учам од професори со големо меѓународно искуство и несомнено кога ќе се спомене зборот „криза", прво на кое ќе сетам се предавањата на професорот David C. McGaffey за време на постдипломските студии на Универзитет Американ Колеџ Скопје. Го споменувам професорот пред сѐ како човек со огромно искуство, тој има повеќе од 25 години дипломатска служба и за време на Иранската револуција, додека бил дипломат во Амбасадата на САД, двапати успеал да се ослободи себеси и колегите од заложништво. Овој професор ми има оставено огромен впечаток како човек кој постојано трага по предизвици, а неговата приказна ме охрабрува да гледам на оваа криза како едно искуство кое ќе има големо влијание на мене и на моите колеги. Се обидувам позитивно да ја насочам креативноста кај мене и кај моите колеги на која можеби претходно не сме и посветувале доволно внимание.  Исто како што би направил и професорот McGaffey!

## АЛУМНИ АКТИВНОСТИ

**Промоција на УАКС Алумни бизниси**

Во рамки на своите редовни маркетиншки активности, УАКС во октомври 2020 г. организираше мини-кампања за промоција на бизнис проектите почнати токму од страна на нашите студенти. Со цел да им помогнеме и да ги стимулираме, објавивме повик на социјалните мрежи. Нашите студенти ни пратија информации за нивните идеи, проекти и стартапи, и ние со задоволство ги промовиравме. Ова е само дел од нив, а доколку сакате и вашиот бизнис да биде промовиран во УАКС Алумни заедницата, побарајте нè.

**(принтскринови од ФБ и инста)**